# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>30.04.2020 год.<br>БРОЈ 5 ГОДИНА 55 |
|---|---|


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година | **2** |
| **2.** | Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност. | **3** |
| **3.** | Заклучок | **5** |
| **4.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи за одведување на отпадни води за 2019 година за ЈП„Нискоградба Охрид “-Охрид | **6** |
| **5.** | Јавна објава | **6** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНАТА) ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

**Број 09-3894/7**
**30.04.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.весник на општина Охирд“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНАТА) ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година бр. 08-1997/14 од 26.02.2020 година донесена од страна на Советот на општина Охрид.

**Член 2**

Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година бр. 08-1997/14 од 26.02.2020 година донесена од страна на Советот на општина Охрид, во делот од член 2 алинеа 9 за користење простор за поставување маси и столови пред угостителски објекти, нема да се применува во време на прогласената вонредна состојба за справување со пандемијата од вирусот КОВИД - 19, како и 3 месеци по завршување на вонредната состојба.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 08-3894/3**
**30.04.2020год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност, што ја донесе советот на општина охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

**Број 09-3894/8**
**30.04.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.весник на општина Охирд“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност бр. 08 – 18172/37 од 28.12.2018 година донесена од страна на Советот на општина Охрид.

**Член 2**

Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност бр.08-18172/37 од 28.12.2018 година донесена од страна на Советот на општина Охрид, нема да се применува во време на прогласената вонредна состојба за справување со пандемијата од вирусот КОВИД -19, како и 3 месеци по завршување на вонредната состојба.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на општина Охрид

**Број 08 – 3894/4**
**30.04.2020 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

**Број 09-3894/9**
**30.04.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид (Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07, 1/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 10/19, ) и член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, ги донесе следните:

## ЗАКЛУЧОК

Советот на општина Охрид како резултат на пандемијата КОРОНА ВИРУС КОВИД-19, а со цел олеснување на обврските према правните субјекти и физичките лица предлага до надлежните институции да достават информација до кабинетот на Градоначалникот и Советот на општина Охрид дали постои финансиска можност за спроведување на следните мерки и тоа:

- Зголемување на вкупниот износ на субвенцијата за трошоци за комунални услуги за граѓаните изложени на социјални ризици за периодот додека трае вонредната состојба, како и 3 месеци по нејзиното завршување.

-Бесплатно отстапување на големата сала во општината за склучување на бракови.

**Број 08-3894/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.04.2020 год.** **Претседател**
**О х р и д** **ЖивкаАнгелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УТВРДЕНИТЕ ТАРИФИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД “-ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи за одведување на отпадни води за 2019 година за ЈП„Нискоградба Охрид “-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година.

**Број 09-3894/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.04.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УТВРДЕНИТЕ ТАРИФИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД “-ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи за одведување на отпадни води за 2019 година за ЈП „Нискоградба“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид бр.02-437/3 од 09.04.2020 година, и Мислење од Надзорниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид бр. 02-433/3 од 08.04.2020 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3894/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.04.2020 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Антигона Дамоска ул. „Шар Планина“ бр.32 Охрид„и се одобрува изградба на А1 СТАНБЕНА КУЌА од Втора категорија, со катност Пр+2к на дел од Кп.бр.14032/3 КО Охрид 3 Г.П 5.12 согласно извод бр.20-766/2од 27.01.2020 год.за ДУП за Урбана Единица IV (МЗ Воска) дел југ Охрид донесен со Одлука бр.07-1055/17 од 29.07.2005 год.

Сопственици на Кп.бр.14032/2 КО Охрид 3 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Пом.раководител на сектор
Бранко Арнаудовски